# Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар

**Член 1**

Во Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ број 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15 и 153/15), во член 6 став 2 точка 5) во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „или”.

Во алинеја 5 сврзникот „или” се заменува со сврзникот „и”.

Алинејата 6 се брише.

**Член 2**

По членот 18-а се додава нов наслов и нов член 18-б кои гласат:

**„Вршење контрола**

18-б

Централниот регистар врши контрола над субјектите кои се овластени согласно закон во однос на постапувањето при поднесување на пријави за упис и извршувањето на услугите за упис преку системот за е-регистрација на Централниот регистар согласно закон.“.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.